**ПРИЛОГ 1:**
**ДЕФИНИЦИИ И ТОЛКУВАЊЕ**

**Следните дефиниции важат за термините содржани во МАТЕРИО материјалот и во Договорите За Интерконекција склучени врз основа на МАТЕРИО.**

**СОДРЖИНА**


**1. Термини по азбучен ред .... 2**
**2. Дефиниции .... 5**
2.1 МАТЕРИО и видови на договори .... 5
2.2 Страни во Договорот и трети страни .... 5
2.3 Претплатник, Корисник .... 5
2.4 Главни категории на Мрежи, Услуги и Даватели На Услуги .... 5
2.5 Термини поврзани со Избор На Оператор .... 7
2.6 Општи услови за Повикувачки Броеви и Повици .... 7
2.7 Интерконекција и нејзини елементи .... 10
2.8 Услуги поврзани со Интерконекција .... 12
2.9 Предвидување .... 13
2.10 Барање .... 13
2.11 Распореди .... 14
2.12 Тестови, Записници за примопредавање .... 14
2.13 Изјави и Авторизација .... 15
2.14 Услови поврзани со квалитетот на услугата .... 16
2.15 Тарифи и Надоместоци .... 17
**3. Општи правила на толкување .... 18**
3.1 Толкување на времетраење .... 18
3.2 Број во еднина и множина .... 18
**4. Толкување на кратенки .... 18**

## 1. Термини по азбучен ред


| | |
|---|---|
| Авторизација | 2.13.2 |
| Агенција За Електронски Комуникации | 2.16 |
| Барање | 2.10.1 |
| Барање За Интерконекција | 2.10.5 |
| Барање За Поставување На Предизбран Оператор | 2.10.4 |
| Барање За Поставување На Код За Избор На Оператор | 2.10.3 |
| Барање За Услуга За Сообраќај | 2.10.2 |
| Бирање Во Една Етапа | 2.6.2.5 |
| Близок Телефонски Интерконекциски Вод | 2.7.5.7 |
| Близок Телефонски Интерконекциски Линк | 2.7.5.6 |
| Број 'А' | 2.6.1.1 |
| Број 'Б' | 2.6.1.2 |
| Време На Дисконекција | 2.14.3.2 |
| Време На Имплементација | 2.14.3.1 |
| Време На Логирање | 2.14.3.3 |
| Време На Отстранување На Грешка | 2.14.2.1 |
| Времетраење На Повик | 2.15.9 |
| Време На Прекин На Услуга | 2.14.1.2 |
| Географски Број | 2.6.1.3 |
| Географска Локација На Интерконекциска Точка | 2.7.4.4 |
| Географска Локација На Точка На Присуство | 2.7.2.2 |
| Годишна Достапност | 2.14.1.4 |
| Годишно Време На Прекин На Услуга | 2.14.1.3 |
| Група На Сигнализациски Кола | 2.6.4.3 |
| Давател На Услуги | 2.2.4 |
| Далечна Интерконекција | 2.7.6.1 |
| Далечен Телефонски Интерконекциски Вод | 2.7.6.3 |
| Далечен Телефонски Интерконекциски Линк | 2.7.6.2 |
| Дигитален Разделник | 2.7.4.2 |
| Договор За Интерконекција | 2.1.2 |
| Доплата За Дефицит Од Локален Пристап | 2.15.10 |
| Дополнителна Услуга | 2.8.8 |
| Достапност | 2.14.1.5 |
| Еднократен Надомест | 2.15.1 |
| Електронска Комуникациска Мрежа | 2.4.1.1 |
| Електронска Комуникациска Услуга | 2.4.2.1 |
| Записник За Примопредавање | 2.12.2.1 |
| Записник За Проширување На Системите За Комутација За Интерконекција | 2.12.2.6 |
| Записник За Системи За Комутација За Интерконекција | 2.12.2.4 |
| Избор На Оператор | 2.5.2 |
| Избор На Оператор Врз Основа На Поединечен Повик | 2.5.3 |
| Избран Оператор | 2.5.1 |
| Изјава За Системи За Пренос За Интерконекција | 2.12.2.3 |
| Изјава За Отпочнување На Услуга | 2.13.1 |
| Изјава Од Претплатник | 2.13.3 |
| Изјава За Проширување На Системи За Пренос За Интерконекција | 2.12.2.5 |
| Изјава За Усогласеност | 2.12.2.2 |
| Интелигентна Мрежа | 2.4.1.8 |
| Интерконекција | 2.7.4.1 |
| Интерконекциски Вод | 2.7.4.8 |
| Интерконекциска Точка | 2.7.4.3 |
| Интерконекција Имплементирана Со Физичка Колокација или Блиска Интерконекција | 2.7.5.2 |
| Интерконекциска Централа | 2.7.4.7 |
| Јавна Комуникациска Мрежа | 2.4.1.2 |
| Јавна Комуникациска Услуга | 2.4.2.2 |
| Јавна Мобилна Комуникациска Мрежа | 2.4.1.5 |
| Јавна Мобилна Радио Телефонска Мрежа или „Мобилна Радио Телефонска Мрежа | 2.4.1.6 |
| Јавна Телефонска Мрежа | 2.4.1.3 |
| Јавна Телефонска Услуга | 2.4.2.3 |
| Јавна Фиксна Телефонска Мрежа или Фиксна Телефонска Мрежа | 2.4.1.4 |
| Код За Избор На Оператор | 2.6.1.12 |

| | |
|---|---|
| Код На Мобилна Мрежа | 2.6.1.7 |
| Код На Оператор | 2.6.1.13 |
| Колокациско Место | 2.7.5.3 |
| Колокациска Просторија | 2.7.5.4 |
| Колокациска Единица На Страната Барател | 2.7.5.5 |
| Компензација | 2.15.11 |
| Корисник | 2.3.2 |
| Критична Грешка | 2.14.4.3 |
| Локална Интерконекциска Точка | 2.7.4.5 |
| Локален Повик | 2.6.3.1 |
| Локална Точка На Присуство На Македонски Телеком АД | 2.7.2.5 |
| МАТЕРИО | 2.1.1 |
| Меѓумесен Повик | 2.6.3.2 |
| Меѓународен Број | 2.6.1.5 |
| Меѓународен Географски Број | 2.6.1.6 |
| Меѓународен Мобилен Број | 2.6.1.9 |
| Меѓународен Повик | 2.6.3.4 |
| Меѓународен Префикс | 2.6.1.11 |
| Месечен Надомест | 2.15.2 |
| Мобилен Број | 2.6.1.8 |
| Мобилен Радио Телефонски Мрежен Оператор | 2.4.3.5 |
| Мобилна Радио Телефонска Услуга | 2.4.2.7 |
| Мрежа | 2.4.1.7 |
| Мрежна Платформа | 2.6.2.8 |
| Мрежна Пристапна Точка | 2.7.3.2 |
| Македонски Телеком АД | 2.2.1 |
| Надомест По Повик | 2.15.4 |
| Надомест За Сообраќај | 2.15.5 |
| Надомест За Услуга | 2.15.6 |
| Национален Географски Број | 2.6.1.4 |
| Национален Мрежен Оператор | 2.4.3.3 |
| Национална Телефонска Услуга | 2.4.2.5 |
| Национален Префикс | 2.6.1.10 |
| Не – Тешка Грешка | 2.14.4.1 |
| Основна Зона | 2.7.1.1 |
| Остварен Повик | 2.6.2.2 |
| Основни Услуги За Сообраќај | 2.8.4 |
| Партнер | 2.2.2 |
| Планирано Одржување | 2.14.2.2 |
| Повик | 2.6.2.1 |
| Повик Во Сопственост На Македонски Телеком АД | 2.6.2.6 |
| Повик Во Сопственост На Партнерот | 2.6.2.7 |
| Повик До Служба За Итни Повици | 2.6.3.5 |
| Повик Од Фиксна Кон Мобилна Телефонија | 2.6.3.3 |
| Почетно Предвидување | 2.9.2 |
| Предизбор На Оператор | 2.5.4 |
| Предизбран Оператор | 2.5.5 |
| Предвидување | 2.9.1 |
| Предвидување За Начинот На Интерконекција | 2.9.4 |
| Предвидување За Капацитет | 2.9.5 |
| Предвидување За Сообраќај | 2.9.6 |
| Претплатник | 2.3.1 |
| Претплатнички Број | 2.6.1.14 |
| Претплатнички Договор | 2.1.3 |
| Претплатнички Надомест | 2.15.8 |
| Претплатничка Пристапна Точка | 2.7.3.1 |
| Претплатнички Тарифи | 2.15.7 |
| Распоред За Обезбедување На Услуга | 2.11.2 |
| Распоред За Имплементација | 2.11.1 |
| Регионална Зона | 2.7.1.2 |
| Регионална Интерконекциска Точка | 2.7.4.6 |
| Регионален Мрежен Оператор | 2.4.3.2 |
| Регионална Телефонска Услуга | 2.4.2.4 |
| Регионална Точка На Присуство На Македонски Телеком | 2.7.2.6 |
| Секунда Со Повеќекратни Грешки | 2.14.1.1 |
| Сигнализациско Коло | 2.6.4.2 |

| | |
|---|---|
| Систем За Сигнализација | 2.6.4.1 |
| Слип | 2.14.1.6 |
| Сообраќај | 2.6.2.4 |
| Страна | 2.2.3 |
| Страната Баратeл | 2.2.5 |
| Тарифа За Користење | 2.15.3 |
| Тековно Предвидување | 2.9.3 |
| Телефонски Итерконекциски Вод | 2.7.4.10 |
| Телефонски Итерконекциски Линк | 2.7.4.9 |
| Телефонски Мрежен Оператор | 2.4.3.1 |
| Телефонски Мрежен Оператор Кој Обезбедува Пристап на Претплатник | 2.4.3.6 |
| Точка На Присуство | 2.7.2.1 |
| Точка На Присуство На Македонски Телеком АД | 2.7.2.4 |
| Точка На Присуство На Партнерот | 2.7.2.3 |
| Тестови За Интерконекција | 2.12.1.3 |
| Тестови За Отпочнување на Услуга | 2.12.1.9 |
| Тестови За Примопредавање | 2.12.1.1 |
| Тестови За Проширување На Капацитет За Интерконекција | 2.12.1.6 |
| Тестови За Проширување На Системи За Комутација За Интерконекција | 2.12.1.8 |
| Тестови За Проширување На Системи За Пренос За Интерконекција | 2.12.1.7 |
| Тестови За Системи За Комутација За Интерконекција | 2.12.1.5 |
| Тестови За Системи За Пренос За Интерконекција | 2.12.1.4 |
| Тестови За Усогласеност | 2.12.1.2 |
| Тешка Грешка | 2.14.4.2 |
| Услуга | 2.8.1 |
| Услуги За Избор На Оператор | 2.8.9 |
| Услуга За Локално Оригинирање На Повик | 2.8.4 а)и) |
| Услуга За Локално Терминирање На Повик | 2.8.4 б)и) |
| Услуга За Национално Терминирање На Повик | 2.8.4 б)иии) |
| Услуги За Оригинирање На Повик | 2.8.5 |
| Услуга За Поддршка | 2.8.7 |
| Услуга За Регионално Терминирање На Повик | 2.8.4 б)ии) |
| Услуга За Регионално Оригинирање На Повик | 2.8.4 а)ии) |
| Услуга За Телефонски Интерконекциски Линк | 2.8.2 |
| Услуга За Терминирање На Повик | 2.8.6 |
| Услуги За Сообраќај | 2.8.3 |
| Успешно Остварен Повик | 2.6.2.3 |
| Фатална Грешка | 2.14.4.4 |
| Физичка Колокација | 2.7.5.1 |
| Фиксен Телефонски Мрежен Оператор | 2.4.3.4 |
| Фиксен Телефонски Мрежен Оператор Кој Обезбедува Пристап на Претплатник | 2.4.3.7 |
| Фиксна Телефонска Услуга | 2.4.2.6 |
| Фреквенција На Слип | 2.14.1.7 |

## 2. Дефиниции

### 2.1 МАТЕРИО и видови на договори

**2.1.1 „МАТЕРИО"** значи Референтна Понуда За Интерконекција на МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ АД, одобрена од Агенцијата за Електронски Комуникации (АЕК), во која се дефинирани Услугите поврзани со Интерконекција и ги вклучува правните, техничките и финансиските услови.

**2.1.2 „Договор За Интерконекција"** значи договор потпишан од Страните, кој ги вклучува задолжителните елементи од содржината на МАТЕРИО дефинирани во Законот за Електронските Комуникации (ЗЕК), и релевантниот правилник донесен врз осонова на него и неопходните услови потребни за нивна имплементација, кои ќе бидат взаемно применети од Страните.

**2.1.3 „Претплатнички Договор"** значи договор склучен помеѓу една од Страните и Претплатникот за обезбедување на претплатничка услуга.

### 2.2 Страни во Договорот и трети страни

**2.2.1 „Македонски Телеком АД - Скопје"** значи Акционерско Друштво за електронски комуникации „Македонски Телеком" (Скопје, Орце Николов б.б.).

**2.2.2 „Партнер"** значи оператор на јавна комуникациска мрежа чија мрежа може да сеИнтерконектира со Мрежата на Македонски Телеком АД.

**2.2.3 „Страна"** значи или Македонски Телеком АД или Партнерот, во зависност од контекстот „**Страни**" значи Македонски Телеком АД и Партнерот заедно.

**2.2.4 „Давател На Услуги"** значи онаа Страна која има Мрежа што ги обезбедува Услугите побарани од Страната Барател.

**2.2.5 „Страната Барател"** значи Страната која има Мрежа што користи одредени Услуги од Давателот На Услуги.

### 2.3 Претплатник, Корисник

**2.3.1 „Претплатник"** значи физичко или правно лице кое користи Јавна Комуникациска Услуга на некоја од страните со склучен Претплатнички Договор.

**2.3.2 „Корисник"** значи физичко или правно лице кое бара или користи Јавни Комуникациски Услуги во кои учествуваат двете Страни преку користење/обезбедување на Услуги За Сообраќај.

### 2.4 Главни категории на Мрежи, Услуги и Даватели На Услуги

#### 2.4.1 Главни категории на Мрежи

**2.4.1.1 „Електронска Комуникациска Мрежа"** значи преносен систем и таму каде што е применливо и комутациска или насочувачка опрема и други средства кои што овозможуваат пренос на сигнали преку жичени, радиобранови, оптички или други електромагнетни средства, вклучувајќи сателитски мрежи, фиксни (со комутација на кола или комутација на пакети, вклучувајќи и Интернет) и мобилни земски мрежи, електроенергетски кабелски системи, доколку се користат за пренос на комуникациски сигнали, радиодифузни мрежи и кабелски телевизиски мрежи, независно од видот на информациите што се пренесуваат.

**2.4.1.2 „Јавна Комуникациска Мрежа"** значи Електронска Комуникациска Мрежа што се користи целосно или првенствено за обезбедување на Електронски Комуникациски Услуги достапни на

јавноста.

**2.4.1.3 „Јавна Телефонска Мрежа”** значи Електронска Комуникациска Мрежа што се користи за обезбедување на Јавни Телефонски Услуги достапни на јавноста и која овозможува пренос на говор и други комуникации, како што се факсимил и пренос на податоци меѓу определени точки од мрежата.

**2.4.1.4 „Јавна Фиксна Телефонска Мрежа”** или **„Фиксна Телефонска Мрежа”** значи Јавна Телефонска Мрежа каде што мрежните завршни точки се наоѓаат на фиксни локации.

**2.4.1.5 „Јавна Мобилна Комуникациска Мрежа”** значи Електронска Комуникациска Мрежа што се користи за обезбедување на мобилни комуникациски услуги достапни на јавноста.

**2.4.1.6 „Јавна Мобилна Радио Телефонска Мрежа”** или **„Мобилна Радио Телефонска Мрежа”** значи земна Јавна Мобилна Комуникациска Мрежа (која истовремено е и Јавна Телефонска Мрежа) која овозможува остварување на двонасочни говорни телефонски врски помеѓу корисници кои се движат низ широка област и одржувањето на таквата врска без временско ограничување, не исклучувајќи ја можноста за воспоставување на пренос на податоци или други видови на пренос.

**2.4.1.7 „Мрежа”** значи Фиксна Телефонска Мрежа на Македонски Телеком АД и Јавна Комуникациска Мрежа на Партнерот.

**2.4.1.8 „Интелигентна Мрежа”** значи архитектура на електронска комуникациска мрежа која обезбедува флексибилност за олеснување на воведувањето на нови способности и услуги, вклучувајќи ги и таквите кои се под контрола на корисникот (ITU-T Препорака Q.1290).

**2.4.2 Главни категории на услуги**

**2.4.2.1 „Електронска Комуникациска Услуга”** значи услуга што вообичаено се нуди за надомест, а која целосно или главно се состои од пренос на сигнали преку Електронски Комуникациски Мрежи и ги вклучува тука Електронските Комуникациски Услуги и преносните услуги во мрежите наменети за радиодифузија, но ги исклучува услугите кои овозможуваат или извршуваат уредувачка контрола врз содржините пренесувани со помош на Електронските Комуникациски Мрежи или услуги, а не ги вклучува ниту услугите на информатичкото општество.

**2.4.2.2 „Јавна Комуникациска Услуга”** значи Електронска Комуникациска Услуга достапна на јавноста.

**2.4.2.3 „Јавна Телефонска Услуга”** значи услуга која е достапна за јавноста која вклучува појдовни и дојдовни Национални и Меѓународни Повици и пристап до служби за итни повици преку броевите наменети за овие служби во Планот За Нумерација за Јавни Комуникациски Мрежи и Јавните Комуникациски и, доколку е можно, вклучува една или повеќе од следните информации: Информации за претплатниците, пристап до служба за грижа на корисниците на јавни телефонски говорници, телефонски именици, обезбедување на услуги под посебни услови и обевзбедување на средства за корисници со посебни потреби.

**2.4.2.4 „Регионална Телефонска Услуга”** значи Јавна Телефонска Услуга која се обезбедува во помалку од 3 (три) Регионални Зони.

**2.4.2.5 „Национална Телефонска Услуга”** значи Јавна Телефонска Услуга која се обезбедува во 3 (три) Регионални Зони.

**2.4.2.6 „Фиксна Телефонска Услуга”** значи Јавна Телефонска Услуга која може да се побара или користи од фиксна Претплатничка Пристапна Точка, а која не припаѓа во Мобилна Радио Телефонска Услуга.

**2.4.2.7 „Мобилна Радио Телефонска Услуга”** значи Јавна Телефонска Услуга преку која секој Претплатник на таа Услуга кој се движи во широка област може да комуницира со друга мрежна завршна точка преку Повик кој оригинира од подвижна опрема, поврзана со мрежната завршна точка на Мобилната Радио Телефонска Мрежа, до која може да се пристапи преку процедурата за

избор дефинирана во Планот За Нумерација.

**2.4.3 Главни категории на Даватели На Услуги**

**2.4.3.1 „Телефонски Мрежен Оператор”** значи оператор на јавна комуникациска мрежа кој овозможува Јавна Телефонска Услуга. Телефонски Мрежен Оператор може да биде Регионален Мрежен Оператор и Национален Мрежен Оператор.

**2.4.3.2 „Регионален Мрежен Оператор”** значи Телефонски Мрежен Оператор кој обезбедува Регионална Телефонска Услуга и кој има право на користење на Јавна Телефонска Мрежа. Преку оваа мрежа тој обезбедува услуга на неговите Претплатници без постоење потреба за Избор На Оператор.

**2.4.3.3 „Национален Мрежен Оператор”** значи Телефонски Мрежен Оператор кој обезбедува Национална Телефонска Услуга и кој има право на користење на Јавна Телефонска Мрежа.

**2.4.3.4 „Фиксен Телефонски Мрежен Оператор”** значи Телефонски Мрежен Оператор кој обезбедува Фиксна Телефонска Услуга.

**2.4.3.5 „Мобилен Радио Телефонски Мрежен Оператор”** значи Телефонски Мрежен Оператор кој обезбедува Мобилна Радио Телефонска Услуга.

**2.4.3.6 „Телефонски Мрежен Оператор Кој Обезбедува Пристап На Претплатник”** значи Телефонски Мрежен Оператор кој има склучено Претплатнички Договор со Претплатникот за физичко и логичко поврзување на терминална опрема на Електронската Комуникациска Мрежа или на нејзин дел со цел користење Јавни Телефонски Услуги.

**2.4.3.7 „Фиксен Телефонски Мрежен Оператор Кој Обезбедува Пристап На Претплатник”** значи Телефонски Мрежен Оператор кој обезбедува Претплатнички Пристап и има Фиксна Телефонска Мрежа.

**2.5 Термини поврзани со Избор На Оператор**

**2.5.1 „Избран Оператор”** значи Телефонски Мрежен Оператор кој е избран од страна на Претплатникот преку Избор На Оператор за обезбедување на Повикот.

**2.5.2 „Избор На Оператор”** значи можност достапна на Претплатникот за пристап до повиканиот Претплатник преку избор на Избраниот Оператор кој обезбедува Јавни Телефонски Услуги преку неговата Интерконекција со Телефонскиот Мрежен Оператор Кој Обезбедува Пристап На Претплатник.

**2.5.3 „Избор На Оператор Врз Основа На Поединечен Повик”** значи метод на Избор На Оператор во кој Претплатникот избира Избран Оператор врз основа на поединечен повик преку бирање на Код За Избор На Оператор.

**2.5.4 „Предизбор На Оператор”** значи метод на Избор на Оператор во кој Претплатникот го дефинира Избраниот Оператор во договор со што Повикот може да биде комплетиран без бирање на Код За Избор На Оператор.

**2.5.5 „Предизбран Оператор”** значи Телефонски Мрежен Оператор кој е избран од страна на Претплатникот преку Предизбор На Оператор за обезбедување на Повик.

**2.6 Општи услови за Повикувачки Броеви и Повици**

**2.6.1 Повикувачки Броеви и Префикси**

**2.6.1.1 „Број А”** значи телефонски број на повикувачкиот Претплатник (за национален правец, преносничкиот код и Претплатничкиот Број; за меѓународен правец, кодот на државата и националниот број).

**2.6.1.2 „Број Б”** значи телефонски број биран од Претплатникот (за национален правец,

преносничкиот код и Претплатничкиот Број на повиканиот Претплатник; за меѓународен правец, кодот на државата и националниот број).

**2.6.1.3 „Географски број"** значи Национален Географски Број или Меѓународен Географски Број.

**2.6.1.4 „Национален Географски Број"** значи национален број – дефиниран во Планот За Нумерација – и се однесува на одредено географско подрачје (оваа дефиниција е еднаква на дефиницијата за геограФкси број во ЗЕК).

**2.6.1.5 „Меѓународен Број"** значи меѓународен број – дефиниран во Планот За Нумерација – со исклучок на меѓународни броеви кои се однесуваат на услуги достапни преку меѓународни негеографски броеви (пр. меѓународни зелени броеви), а кој може да биде Меѓународен Географски Број или Меѓународен Мобилен Број.

**2.6.1.6 „Меѓународен Географски Број"** значи меѓународен број - чиј формат е дефиниран во Планот За Нумерација - кој се состои од код на држава и Национален Географски Број.

**2.6.1.7 „Код На Мобилна Мрежа"** значи национален дестинациски код(ови) дефиниран во Планот За Нумерација кој е доделен на Мобилен Радио Телефонски Мрежен Оператор.

**2.6.1.8 „Мобилен Број"** значи број кој се состои од Код На Мобилна Мрежа и Претплатнички Број што го идентификува Претплатникот на Мобилна Радио Телефонска Услуга.

**2.6.1.9 „Меѓународен Мобилен Број"** значи меѓународен број - чиј формат е дефиниран во Планот За Нумерација - кој се состои од код на државата, Код На Мобилна Мрежа и Претплатнички Број кој го идентификува Претплатникот на Мобилна Радио Телефонска Услуга.

**2.6.1.10 „Национален Префикс"** значи национален префикс дефиниран во Планот За Нумерација.

**2.6.1.11 „Меѓународен Префикс"** значи меѓународен префикс дефиниран во Планот За Нумерација.

**2.6.1.12 „Код За Избор На Оператор"** значи код со 10аб структура дефиниран во Планот За Нумерација каде што аб е Код На Оператор кој е со одлука на АЕК е доделен на Македонски Телеком АД или Партенерот .

**2.6.1.13 „Код На Оператор"** се цифрите аб во Кодот За Избор На Оператор.

**2.6.1.14 „Претплатнички Број"** значи претплатнички број дефиниран во Планот За Нумерација.

**2.6.2 Термини поврзани со Повици**

**2.6.2.1 „Повик"** значи активност на повикувачката страна со цел да оствари двонасочна комуникација во реално време, вклучувајќи и пренасочување на пораката до соодветната терминална опрема или Мрежна Платформа, или било каков друг уред што дава автоматски одговор во случаи кога не може да се воспостави врска.

**2.6.2.2 „Остварен Повик"** значи дека одговор на пораката за воспоставувањето на Повик ќе биде 'Answer Message' или 'Connect Massage' на ISUP протоколот од системот за сигнализација.

**2.6.2.3 „Успешно Остварен Повик"** значи дека како резултат на сигнализациската врска и комуникација помеѓу телефонската централа на која припаѓа повикувачкиот Претплатник и телефонската централа на која припаѓа повиканиот Претплатник, станува достапна рута неопходна за поврзување на претплатникот во говорен опсег, а телефонската централа на која припаѓа повиканиот Претплатник ја потврдува сигнализацискатата порака што се однесува на статусот на повиканиот Претплатник.

**2.6.2.4 „Сообраќај"** значи сите Повици кои одат во ист правец (од иста Географска Локација На Интерконекциска Точка до Мрежата на една Страна или од Мрежата на друга Страна до истата

Географска Локација На Интерконекциска Точка).

**2.6.2.5 „Бирање Во Една Етапа”** значи процедура за воспоставување на повик во која за пристап до повиканата терминална опрема не е потребно да се внесат понатамошни нумерички информации освен цифрите на бројот дефиниран во Планот За Нумерација.

**2.6.2.6 „Повик Во Сопственост На Македонски Телеком АД”** значи Повик

**а)** иницирaн од Корисник од Мрежата на Македонски Телеком АД или
**б)** кога Претплатникот кој оригинира Повик од Претплатничка Пристапна Точка на Партнерот или на трета страна, го избрал Македонски Телеком АД за остварување на Повик преку Избор На Оператор

и Македонски Телеком АД бара Услуга За Сообраќај од Партнерот за остварување на Повикот.

**2.6.2.7 „Повик Во Сопственост На Партнерот”** значи Повик

**а)** иницирaн од Корисник на Мрежата на Партнерот или
**б)** кога Претплатникот кој оригинира Повик од Претплатничка Пристапна Точка на Македонски Телеком АД или на трета страна го избрал Партнерот или трета страна, за остварување на Повик преку Избор На Оператор

и Партнерот бара Услуга За Сообраќај од Македонски Телеком АД за остварување на Повикот.

**2.6.2.8 „Мрежна Платформа”** значи платформа која нуди услуги со додадена вредност.

**2.6.3 Видови Повици**

**2.6.3.1 „Локален Повик”** значи Повик кој оригинира од Претплатник поврзан со Фиксен Телефонски Мрежен Оператор Кој Обезбедува Пристап За Претплатник насочен кон Национален географски број доделен на Претплатничка Пристапна Точка на Фиксна Телефонска Мрежа во истото нумерациско подрачје.

**2.6.3.2 „Меѓумесен Повик”** значи Повик кој оригинира од Претплатникот поврзан со Фиксен Телефонски Мрежен Оператор Кој Обезбедува Пристап За Претплатник насочен кон Национален Географски Број доделен на Претплатничка Пристапна Точка на Јавна Фиксна Телефонска Мрежа во друго нумерациско географско подрачје.

**2.6.3.3 „Повик Од Фиксна Кон Мобилна Телефонија”** значи Повик кој оригинира од Претплатник поврзан на Фиксен Телефонски Мрежен Оператор Кој Обезбедува Пристап За Претплатник, насочен кон Мобилен Број.

**2.6.3.4 „Меѓународен Повик”** значи Повик кој оригинира од Претплатник поврзан на Фиксен Телефонски Мрежен Оператор Кој Обезбедува Пристап За Претплатник насочен кон Меѓународен Број.

**2.6.3.5 „Повик До Служба За Итни Повици”** значи Повик кон броеви од Планот за нумерација на Јавни Комуникациски Мрежи и услуги во РМ наменети за полиција, противпожарна служба, итна медицинска помош, служба за известување и тревожење, вклучувајќи го и единствениот европски број за итни повици „Е-112”.

**2.6.4 Термини кои се поврзани со системот за сигнализација и сигнализациската мрежа**

**2.6.4.1 „Систем За Сигнализација”** значи систем за сигнализација како што е дефиниран во Прилозите А, В, В-2-1, В-2-2, С и С-2 на препораката на Институтот за Стандардизација на Република Македонија „Спецификација за Национален No.7 Систем За Сигнализација”. Додека препораката на Институтот за Стандардизација на Република Македонија не стапи во сила Системот За Сигнализација е дефиниран во Додатокот II (Спецификација за Национален No.7 Систем За Сигнализација).

**2.6.4.2 „Сигналнзациско Коло”** значи дигитално коло од 64 kbps кое се користи за пренос на пораки во системот за сигнализација No.7, помеѓу две сигнализациски точки. Временски слот 16 на Телефонскиот Интерконекциски Линк се користи за цели на Сигнализациското Коло.

**2.6.4.3 „Група На Сигнализациски Кола"** значи збир на сите Сигнализациски Кола помеѓу две сигнализациски точки. Најмалиот обем на Група На Сигнализациски Кола е 1 (едно) Сигнализациско Коло.

### 2.7 Интерконекција и нејзини елементи

#### 2.7.1 Термини поврзани со географски подрачја

**2.7.1.1 „Основна Зона"** значи географски дефинирано подрачје во согласност со Прилог 2.А на МАТЕРИО (Регионални и Основни Зони на Македонски Телеком АД). Македонски Телеком АД има определено Локална Точка На Присуство На Македонски Телеком АД во секоја Основна Зона.

**2.7.1.2 „Регионална Зона"** значи географски дефинирано подрачје со единствено име, во согласност со Прилог 2.А на МАТЕРИО (Регионални и Основни Зони на Македонски Телеком АД), кое содржи неколку Основни Зони.

#### 2.7.2 Термини поврзани со Точка На Присуство

**2.7.2.1 „Точка На Присуство"** значи Точка На Присуство На Партнерот или Точка На Присуство На Македонски Телеком АД.

**2.7.2.2 „Географска Локација На Точка На Присуство"** значи адресата која ја одредува физичката локација на Точката На Присуство.

**2.7.2.3 „Точка На Присуство На Партнерот"** значи приклучна точка на Партнерот определена за Интерконекција, која Партнерот ќе ја поврзе со соодветната Интерконекциска Точка.

**2.7.2.4 „Точка На Присуство На Македонски Телеком АД"** значи Локална Точка На Присуство На Македонски Телеком АД или Регионална Точка На Присуство На Македонски Телеком АД.

**2.7.2.5 „Локална Точка На Присуство На Македонски Телеком АД"** значи точка(и) која овозможува пристап до Основната Зона која и припаѓа на соодветната Интерконекциска Централа на Македонски Телеком АД и наоѓа на внатрешната приклучница(ици) на 2 Mbit/s преноснинчка картичка(и) на централата, поврзана од страна на Македонски Телеком АД на соодветната Интерконекциска Точка (во случај на Интерконекција Имплементирана Со Физичка Колокација со Близок Телефонски Интерконекциски Вод, а во случај на Далечна Интерконекција со Далечен Телефонски Интерконекциски Вод).

**2.7.2.6 „Регионална Точка На Присуство На Македонски Телеком АД"** значи точка(и) која овозможува пристап до Регионалната Зона која и припаѓа на соодветната Интерконекциска Централа на Македонски Телеком АД и се наоѓа на внатрешната приклучница(ици) на 2 Mbit/s преносничка картичка на централата, поврзана од страна на Македонски Телеком АД на соодветната Интеконекциска Точка (во случај на Интерконекција Имплементирана Со Физичка Колокација со Близок Телефонски Интерконекциски Вод, а во случај на Далечна Интерконекција, со Далечен Телефонски Интерконекциски Вод).

#### 2.7.3 Термини поврзани со пристапна точка

**2.7.3.1 „Претплатничка Пристапна Точка"** значи мрежна завршна точка која се користи за физичко и логично поврзување на електронска комуникациска терминална опрема за да му се овозможи на Претплатникот да ги користи услугите кои се обезбедени на мрежата.

**2.7.3.2 „Мрежна Пристапна Точка"** значи точка на мрежата која се користи за физичко и логично поврзување на друга мрежа, за да и се овозможат на Страната Барател услугите кои се обезбедени на мрежата.

#### 2.7.4 Термини поврзани со Интерконекција

**2.7.4.1 „Интерконекција"** значи физичко и логично поврзување на Мрежите на Страните, за да им се овозможи на Корисниците на еден оператор да комуницираат со Корисниците на истиот или

друг оператор, или пристап до услуги што ги обезбедува друг оператор. Интерконекција е посебен вид на пристап, имплементиран помеѓу операторите на јавни комуникациски мрежи.

**2.7.4.2 „Дигитален Разделник”** значи разделник погоден за распределба на 2 Mbit/s линкови (Е1 линкови).

**2.7.4.3 „Интерконекциска Точка”** значи електрична Мрежна Пристапна Точка која е определена на Дигиталниот Разделник кој се користи за физичка Интерконекција на двете Мрежи, на соодветната Географска Локација На Точката На Присуство на Македонски Телеком АД или на Географската Локација На Точката На Присуство на Партнерот, преку која Мрежите меѓусебно работат физички и логично и која исто така ги разграничува областите на одговорност на Страните.

**2.7.4.4 „Географска Локација На Интерконекциска Точка”** значи адресата која ја определува физичката локација на Интерконекциската Точка.

**2.7.4.5 „Локална Интерконекциска Точка”** е Интерконекциска Точка од која може да се пристапи на сите Претплатнички Пристапни Точки на Мрежата на Македонски Телеком АД кои припаѓаат на иста Основна Зона.

**2.7.4.6 „Регионална Интерконекциска Точка”** е Интерконекциска Точка од која може да се пристапи до сите Претплатнички Пристапни Точки на Мрежата на Македонски Телеком АД кои припаѓаат на таа Регионална Зона.

**2.7.4.7 „Интерконекциска Централа”** е телефонска централа или еквивалентна електронска комуникациска опрема која извршува функција на централа на која може да и припаѓаат една или повеќе Интерконекциска Точка.

**2.7.4.8 „Интерконекциски Вод”** е

**а)** Телефонски Интерконекциски Вод или
**б)** Вод За Пристап На Мрежа

Вод За Пристап На Мрежа не е предмет на МАТЕРИО.

**2.7.4.9 „Телефонски Итерконекциски Линк”** е рута за пренос обезбедена од страна на Давателот На Услуги што ја поврзува Точката На Присуство на Давателот На Услуги со Итерконекциските Точки во следниве форми:

**а)** Близок Телефонски Итерконекциски Линк (се однесува на: член 2.7.5.6); или
**б)** Далечен Телефонски Итерконекциски Линк (се однесува на: член 2.7.6.2).

**2.7.4.10 „Телефонски Итерконекциски Вод”** е еден или повеќе Телефонски Итерконекциски Линкови кои доаѓаат од една Точка На Присуство на Давателот На Услуги и поврзуваат една Интерконекциска Точка. Формите на Телефонски Итерконекциски Вод вклучуваат:

**а)** Близок Телефонски Итерконекциски Вод (се однесува на: член 2.7.5.7); или
**б)** Далечен Телефонски Итерконекциски Вод (се однесува на: член 2.7.6.3).

**2.7.5 Термини поврзани со Интерконекција имплементирана со Физичка Колокација**

**2.7.5.1 „Физичка Колокација”** е

**а)** обезбедување на условите за сместување и
**б)** поврзување со Интерконекциска Централа што е лоцирана таму со Телефонски Интерконекциски Вод;

на опремата за пренос потребна за Интерконекција монтирана од Страната Барател на Географската Локација На Точката На Присуство на обврзаниот Оператор, обезбедена како дел од Услугата За Телефонски Интерконекциски Линк.

**2.7.5.2 „Интерконекција Имплементирана Со Физичка Колокација”** или **„Блиска Интерконекција”** значи Интерконекција на местото на обврзаниот Оператор по пат на Физичка Колокација.

**2.7.5.3 „Колокациско Место”** ја означува техничката градба или делот од градба во која се наоѓа Интерконекциска Централа на обврзаниот Оператор, каде можат да бидат лоцирани една или повеќе Колокациски Простории.

**2.7.5.4 „Колокациска Просторија”** значи просторија погодна за Физичка Колокација на еден или повеќе Даватели На Услуги кои се овластени за Интерконекција, во техничката градба или делот од градба во која се наоѓа Интерконекциска Централа на обврзаниот Оператор, со посебни влезови, одделени со ѕид од останатите простории на обврзаниот Оператор, која ќе биде соодветна за престој на луѓе и каде ќе биде обезбедено опремата да биде заштитена и заклучена.

**2.7.5.5 „Колокациска Единица На Страната Барател”** значи област во Колокациската Просторија, обележана со боја и обезбедена од обврзаниот Оператор на Страната Барател која овозможува Физичка Колокација.

**2.7.5.6 „Близок Телефонски Интерконекциски Линк”** значи Е1 систем со кој се имплементира Интерконекција на двете Мрежи во случај на Физичка Колокација и ја поврзува соодветната Точка На Присуство на Давателот На Услуги со Интерконекциската Точка која се наоѓа во Колокациска Единица На Страната Барател.

**2.7.5.7 „Близок Телефонски Интерконекциски Вод”** значи еден или повеќе Близок Телефонски Интерконециски Линк(ови) кои доаѓаат од една Точка На Присуство на Давателот На Услуги и поврзуваат една Интерконекциска Точка.

**2.7.6 Термини поврзани со Далечна Интерконекција**

**2.7.6.1 „Далечна Интерконекција”** означува Интерконекција имплементирана на местото на Страната Барател или во просторија изнајмена од нејзина страна.

**2.7.6.2 „Далечен Телефонски Интерконекциски Линк”** значи Е1 систем со кој се имплементира Далечна Интерконекција и ја поврзува соодветната Точка На Присуство на Давателот На Услуги со Интерконекциската Точка која се наоѓа на Географската Локација На Точката На Присуство на Партнерот во истата Основна Зона.

**2.7.6.3 „Далечен Телефонски Интерконекциски Вод”** означува еден или повеќе Далечен Телефонски Интерконециски Линк (ови) кои доаѓаат од една Точка На Присуство на Давателот На Услуги и поврзуваат една Интерконекциска Точка.

**2.8 Услуги поврзани со Интерконекција**

**2.8.1 „Услуга”** значи Услуга која една Страна и ја обезбедува на друга Страна и која може да припаѓа на една од следните категории:

**а)** Услуга За Телефонски Интерконециски Линк;
**б)** Услуги За Сообраќај;

- **и)** Основни Услуги за Сообраќај;
- **ии)** Услуги за Поддршка;
- **иии)** Дополнителни Услуги; и

**в)** Услуги За Избор На Оператор.

**2.8.2 „Услуга За Телефонски Интерконекциски Линк**” значи имплементација и работење со Телефонски Интерконекциски Линк од страна на Македонски Телеком АД. Условите за која:

**а)** се дадени во Прилог 3.А-1 на МАТЕРИО (Опис на Услуга За Близок Телефонски Интерконекциски Линк) во случај на Услуга За Близок Телефонски Интерконекциски Линк;
**б)** се дадени во Прилог 3.А-2 на МАТЕРИО (Опис на Услуга За Далечен Телефонски Интерконекциски Линк) во случај на Услугата За Далечен Телефонски Интерконекциски Линк.

**2.8.3 „Услуга За Сообраќај”** ја означува било која од Основните Услуги За Сообраќај, Услугите За Поддршка и Дополнителните Услуги.

**2.8.4 „Основни Услуги За Сообраќај"** значи било која од следните Услуги**:**

**а)** Услуги За Оригинирање На Повик:

**и)** Услуга За Локално Оригинирање На Повик;
**ии)** Услуга За Регионално Оригинирање На Повик;

**б)** Услуги За Терминирање На Повик:

**и**) Услуга За Локално Терминирање На Повик;
**ии**) Услуга За Регионално Терминирање На Повик;
**иии**) Услуга За Национално Терминирање На Повик;

со услови дефинирани во Прилог 3.Б во МАТЕРИО (Опис на Основни Услуги За Сообраќај).

**2.8.5 „Услуга За Оригинирање На Повик"** значи која било од Услугите дефинирани во Прилог 3.Б-1 на МАТЕРИО (Услуги За Оригинирање На Повик).

**2.8.6 „Услуга За Терминирање На Повик"** значи која било од услугите дефинирани во Прилог 3.Б-2 на МАТЕРИО (Услуги За Терминирање На Повик).

**2.8.7 „Услуга За Поддршка**" значи која било од Услугите За Поддршка дефинирани во Прилог 3.В на МАТЕРИО (Опис на Услуги За Поддршка).

**2.8.8 „Дополнителна Услуга**" значи која било од Дополнителните Услуги дефинирани во Прилог 3.Г на МАТЕРИО (Опис на Дополнителни Услуги).

**2.8.9 „Услуги За Избор На Оператор**" значи која било од Услугите дефинирани во Прилог 3.Д на МАТЕРИО (Опис на Услуги За Избор На Оператор).

**2.9 Предвидување**

**2.9.1 „Предвидување**" значи Предвидување За Капацитет и Предвидување За Начинот На Интерконекција заедно. Во зависност од датумот на доставувањето на Предвидувањето, постои Почетно Предвидување и Тековно Предвидување.

**2.9.2 „Почетно Предвидување**" го означува првото Предвидување доставено од Партнерот, посебно Тековно Предвидување, во кое првиот квартал не е цел календарски квартал, оттука наместо првиот квартал, наведениот период е времето помеѓу доставувањето во Македонски Телеком АД и почетокот на следниот календарски квартал.

**2.9.3 „Тековно Предвидување"** го означува документот - кој треба да биде ажуриран од страна на Партнерот на квартална основа - кој го вклучува Предвидувањето За Капацитет и Предвидувањето За Начинот На Интерконекција разделено на:

а**)** календарски квартали; и
б**)** Географска Локација На Интерконекциска Точка;

**2.9.4 „Предвидување За Начинот На Интерконекција**" значи документ кој содржи предвидување за начинот на имплементација на Интерконекција, кој е пожелно да биде побаран на Географската Локација На Интерконекциската Точка.

**2.9.5 „Предвидување За Капацитет**" означува документ кој содржи предвидување за опсегот на Телефонски Интерконекциски Водови во Е1 единици.

**2.9.6„Предвидување За Сообраќај**" значи документ кој го содржи прегледот на Сообраќај во минути.

**2.10 Барање**

**2.10.1 „Барање"** значи Барање За Интерконекција, Барање За Услуги За Сообраќај, Барање За Поставување На Код За Избор На Оператор или Барање За Поставување На Предизбран Оператор доставено во согласност со релевантните одредби од Интерконекцискиот Договор.

**2.10.2 „Барање За Услуга За Сообраќај”** значи барање за понуда, доставена од Страната Барател до Давателот На Услуги во врска со нарачката на една Услуга За Сообраќај во согласност со релевантните одредби од Интерконекцискиот Договор.

**2.10.3 „Барање За Поставување На Код За Избор На Оператор”** значи барање за понуда доставена од Страната Барател до Давателот На Услуги во врска со нарачувањето за поставување на Код За Избор На Оператор во согласност со релевантните одредби од Интерконекцискиот Договор.

**2.10.4 „Барање За Поставување На Предизбран Оператор”** значи барање за понуда доставена од Страната Барател до Давателот На Услуги во врска со на нарачувањето за поставување на Предизбор на Оператор во согласност со одредбите на Изјавата Од Претплатникот потпишана од Претплатникот на Страната Барател - во согласност со релевантните одредби од Интерконекцискиот Договор.

**2.10.5 „Барање За Интерконекција”** значи барање за склучување Интерконекциски Договор за да се обезбеди Интерконекција на Мрежите на Страните.

**2.11 Распореди**

**2.11.1 „Распоред За Имплементација”** значи распоред составен врз основа на Предвидување дадено од страна на Партнерот, прифатено од двете Страни, кој го содржи бројот и соодветното Време За Имплементација на Телефонски Интерконекциски Водови и Сигнализациски Кола кои треба да се инсталираат, модифицираат или отстранат.

**2.11.2 „Распоред За Обезбедување На Услуга”** претставува распоред составен врз основа на Предвидување дадено од страна на Партнерот, прифатено од двете Страни, кој го содржи отпочнувањето на Услуги За Сообраќај или измени на рутирањето на Услуги За Сообраќај.

**2.12 Тестови, Записници за примопредавање**

**2.12.1 Тестови**

**2.12.1.1 „Тестови За Примопредавање”** заедно се однесуваат на Тестови За Усогласеност, Тестови За Интерконекција, Тестови За Проширување На Капацитет За Интерконекција и Тестови За Отпочнување На Услуга.

**2.12.1.2 „Тестови За Усогласеност”** претставува испитување кое ја потврдува функционалната соодветност на хардверски и/или софтверски елемент (или софтверска верзија) кој е предмет на Тестовите За Примопредавање, чие што успешно завршување го потврдува засегнатата Страна со документ добиен од страна на производителот или развивачот на дадениот хардвер и/или софтвер или со документи од Тестовите За Усогласеност кои самостојно ги споровела.

**2.12.1.3 „Тестови За Интерконекција”** претставуваат Тестови За Системи За Пренос За Интерконеција и Тестови За Системи За Комутација За Интерконеција.

**2.12.1.4 „Тестови За Системи За Пренос За Интерконекција”** значи

**а)** испитување на новоинсталиран Телефонски Интерконекциски Вод или
**б)** испитување на веќе оперативен Телефонски Интерконекциски Вод при секоја промена на технологијата за пренос или средството за транспорт

со цел да се провери усогласеноста на работењето со спецификациите за технологијата за пренос.

**2.12.1.5 „Тестови За Системи За Комутација За Интерконекција”** значи испитување на меѓусебното работење на комутациските системи и протоколот за сигнализација на соодветната Интерконекциска Централа на Македонски Телеком АД и Интерконекциска Централа на Партнерот, под нормални работни услови:

**а)** на секоја нова Интерконекциска Точка, пред истата да се стави во употреба (основни тестови);или
**б)** пред првата оперативна примена на секоја хардверска или софтверска надградба која може

да го прошири или измени опсегот на сигнализациски пораки преку Интерконекциска Точка (краток тест) на првата Интерконекциска Точка од имплементацијата на промената.

**2.12.1.6 „Тестови За Проширување На Капацитет За Интерконекција**" значи Тестови За Проширување На Системите За Пренос За Интерконекција и Тестови За Проширување На Системите За Комутација За Интерконекција.

**2.12.1.7 „Тестови За Проширување На Системи За Пренос За Интерконекција"** значи испитување на проширениот капацитет за пренос на Телефонски Интерконекциски Водови со цел да се провери усогласеноста на работењето со спецификациите за технологијата за пренос.

**2.12.1.8 „Тестови За Проширување На Системи За Комутација За Интерконекција"** значи испитување на меѓусебното работење на системите за комутација и на протоколот за сигнализација на соодветната Интерконекциска Централа на Македонски Телеком АД и Интерконекциската Централа на Партнерот преку Инерконекциската Точка на новопроширените Телефонски Интерконекциски Водови под нормални работни услови.

**2.12.1.9 „Тестови За Отпочнување На Услуга"** значи испитување на меѓусебното работење на услугите на соодветната Интерконекциска Централа на Македонски Телеком АД и Интерконекциската Централа на Партнерот преку Интерконекциската Точка.

**2.12.2 Записник За Примопредавање**

**2.12.2.1 „Записник За Примопредавање"** значи документ, потпишан од двете Страни, којшто го потврдува успешното завршување на Тестовите За Примопредавање.

**2.12.2.2 „Изјава За Усогласеност"** значи документ којшто го потврдува успешно завршување на Тестовите За Усогласеност.

**2.12.2.3 „Изјава За Системи За Пренос За Интерконекција"** значи документ којшто го потврдува успешно завршување на Тестовите За Системите За Пренос За Интерконекција.

**2.12.2.4 „Записник За Системи За Комутација За Интерконекција"** значи документот, потпишан од двете Страни, којшто го потврдува успешното завршување на Тестовите За Системите За Комутација За Интерконекција.

**2.12.2.5 „Изјава За Проширување На Системи За Пренос За Интерконекција"** значи документ кој потврдува успешно завршување на Тестовите За Проширување На Системите За Пренос За Интерконекција.

**2.12.2.6 „Записник За Проширување На Системите За Комутација За Интерконекција"** значи документ, потпишан од двете Страни, којшто го потврдува успешното завршување на Тестовите За Проширување На Системите За Комутација За Интерконекција.

**2.13 Изјави и Авторизација**

**2.13.1 „Изјава За Отпочнување На Услуга"** претставува изјава дадена од страна на Давателот На Услуги до Страната Барател која што го дефинира почетниот датум на комерцијално обезбедување на одредена Услуга За Сообраќај или Услуга За Избор На Оператор во согласност со соодветните услови од Интерконекциски Договор.

**2.13.2 „Авторизација"** значи авторизацијата дадена од Претплатникот до Страната која има намера да ја избре за целите на Предизбор на Оператор, за да и се овозможи на авторизираната Страна да настапи пред другата Страна, во полза на Претплатникот за да го измени Претплатничкиот Договор на таков начин што со прекин на постоечките ограничување Претплатникот може да бара Предизбор на Оператор.

**2.13.3 „Изјава Од Претплатник"** значи изјава која што содржи податоци за Претплатникот потребни за барање на Предизбор на Оператор и намерата на Претплатникот да го измени или прекине Претплатничкиот Договор во врска со засегнатата Услуга(и) (Национален Повик и/или Меѓународен Повик).

## 2.14 Услови поврзани со квалитетот на услугата

### 2.14.1 Услови поврзани со достапноста

**2.14.1.1 „Секунда Со Повеќекратни Грешки”** во согласност со ITU-T препораката G.821 точка 4.2.1.2 претставува интервал во должина од една секунда во кој bit error ratio е полош од 10E-3, односно период во кој е детектирана загуба на сигнал (Loss of Signal - LOS) или е детектиран сигнал за индикација на аларм (Alarm Indication Signal - AIS).

**2.14.1.2 „Време На Прекин На Услуга”** значи времетраење помеѓу препознавањето (известувањето) на грешката до моментот на повторно воспоставување на услугата.

**2.14.1.3 „Годишно Време На Прекин На Услуга”** значи севкупното годишно Време На Прекин На Услугата како резултат на поединечните прекини на услугата во една календарска година.

**2.14.1.4 „Годишна Достапност”** значи однос на оперативниот дел од одреден севкупен годишен период (нормална работна состојба) применет на целата календарска година. Периодите на прекин кои настануваат како резултат на Планирано Одржување не се земаат во предвид во вредноста на Годишна Достапност.

**2.14.1.5 „Достапност”** значи времето кога услугата е оперативна во согласност со основните принципи дефинирани во ITU-T Препораката E.800. По 10 (десет) последователни Секунди Со Повеќекратни Грешки започнува период на прекин на работењето. Овие 10 (десет) секунди припаѓаат на неоперативниот период. После 10 (десет) последователни Секунди Без Повеќекратни Грешки започнува оперативниот период.

**2.14.1.6 „Слип”** значи во согласност со ITU-T Препораката G.810 точка 4.1 повторување или бришење на блок од бити во синхрон или плезионхрон проток на бити како резултат на неусогласеноста во брзините на читање и пишување во бафер.

**2.14.1.7 „Фреквенција На Слип”** е бројот на слипови во единица време.

### 2.14.2 Отстранување на грешка, одржување

**2.14.2.1 „Време На Отстранување На Грешка”,** значи во согласност со ITU-T Препораката E.800 точка 5611 време помеѓу препознавање на грешката од страна на Давателот На Услуги или извештајот за Грешка од Страната Барател и повторното воспоставување на Услугата.

**2.14.2.2 „Планирано Одржување”** значи во согласност со ITU-T Препораката E.800 точка 5504 привремен прекин на Услугата со цел одржување, обновување, замена на софтвер, проширување или кои било други слични активности, од напред испланирани и координирани со другата Страна.

### 2.14.3 Услови поврзани со завршување

**2.14.3.1 „Време На Имплементација”** значи период

**а)** од времето на приемот на Барањето од страна Давателот На Услуги; или
**б)** времето кога Услугата станува автоматски нарачана;

до времето кога Услугата е понудена за користење на Страната Барател.

**2.14.3.2 „Време На Дисконекција”** значи времето од приемот на известување за прекин на услугата од страна на Давателот На Услуги до прекинување на обезбедувањето на услугата.

**2.14.3.3 „Време На Логирање”** значи времето помеѓу внесувањето на последната бројка од страна на оригинирачкиот Претплатникот до давањето на одговор од страна на операторот.

### 2.14.4 Класификација на можни грешки во Тестовите За Примопредавање

**2.14.4.1 „Не – Тешка Грешка”** значи таква грешка која настанува при Тестовите За Примопредавање која не влијае на квалитетот на услугите обезбедени од страна на Партнерот кон Претплатниците.

**2.14.4.2 „Тешка Грешка”** значи таква грешка која настанува при Тестовите За Примопредавање која влијае на работењето на засегнатата опрема, но која Претплатниците на Партнерот не ја забележуваат.

**2.14.4.3 „Критична Грешка”** значи таква грешка во Тестовите За Примопредавање која значително влијае на работењето на засегнатата опрема, како резултат на што, Партнерот или Претплатниците на Партнерите не се во можност да користат одредени функции или услуги.

**2.14.4.4 „Фатална Грешка”** значи таква грешка која настанува при Тестовите За Примопредавање која го прави спроведувањето на понатамошни тестови невозможно правејќи ја засегнатата опрема на Македонски Телеком АД и/или на Партнерот е неоперативна.

**2.15 Тарифи и Надоместоци**

**2.15.1 „Еднократен Надомест”** значи надомест кој Страната Барател треба да му го плати на Давателот На Услуги со првата употреба на дадената Услуга.

**2.15.2 „Месечен Надомест”** значи надомест кој Страната Барател треба да му го плаќа редовно на Давателот На Услуги за користење на дадената Услуга, без оглед на фактичкиот сообраќај.

**2.15.3 „Тарифа За Користење”** е единечна цена за користење по минута која ја применува Давателот На Услуги за пресметување на Надоместот За Сообраќај за дадената Услуга За Сообраќај.

**2.15.4 „Надомест По Повик”** е единечна цена која ја применува Давателот На Услуги за пресметување на Надоместот За Сообраќај за Повик при користење на дадена Услуга За Сообраќај.

**2.15.5 „Надомест За Сообраќај”** значи надомест кој Страната Барател треба да му го плати на Давателот На Услуги за Услугите За Сообраќај кои ги користел во дадениот месец, врз основа на:

**а)** множење на релевантната Тарифа За Користење со Времетраењето На Повикот зачуван во записите за повици; или
**б)** множење на релевантниот Надомест По Повик со бројот на Повици.

**2.15.6 „Надомест За Услуга”** значи надомест кој Страната Барател треба да му го плати на Давателот На Услуги во дадениот месец како збир на Надоместоците За Сообраќај, Еднократните Надоместоци и Месечните Надоместоци кои се применуваат за Услугите кои ги користела Страната Барател во дадениот месец или пред дадениот месец, но кои сеуште не се фактурирани (вклучувајќи го збирот на износите на ДДВ).

**2.15.7 „Претплатнички Тарифи”** значи тарифи за услуги (единечни цени за услуги) кои ги применува било која Страна за своите Претплатници.

**2.15.8 „Претплатнички Надомест”** значи збир на надоместоците за сообраќај, месечните и еднократните надоместоци кои една од Страните треба да ги фактурира на своите Претплатници, пресметан врз основа на Претплатничките Тарифи.

**2.15.9 „Времетраење На Повик”** значи во случај на Остварени Повици, времето – заокружено на секунда – од детектирањето на ‘Answer Message’ или ‘Connect’ порака во ISUP системот за сигнализација во Интерконекциската Централа на Давателот На Услуги до детектирањето на ‘Release’ порака во ISUP системот за сигнализација во Интерконекциската Централа на Давателот На Услуги.

**2.15.10 „Доплата За Дефицит Од Локален Пристап”** значи дополнителна тарифа на Тарифата За Користење заради финансирање на дефицитот од локален пристап на Македонски Телеком АД.

**2.15.11 „Компензација”** значи порамнување на меѓусебните побарувања и обврски помеѓу Страните во дадено време, без разлика дали ваквите побарувања и обврски биле заостанати во времето на компензацијата.

**2.16 „Агенција За Електронски Комуникации”** значи независно регулаторно тело основано според Законот За Електронски Комуникации.

## 3. Општи правила на толкување

### 3.1 Толкување на времетраење

**3.1.1** Времетраење наведено во форма на даден број на **“денови”** значи календарски денови класифицирани како работни денови според македонската регулатива.

**3.1.2** Времетраења наведени како даден број на „**недели**”, „**месеци**” или „**години**” се толкуваат како календарски недели, месеци или години, освен доколку дадениот контекст не наведува поинаку.

**3.1.3** Кога во контекстот се бара месецот да се толкува како времетраење, тогаш времетраењето ќе започне на денот кој следи по референтниот датум на времетраењето, и

**а)** ќе трае до денот во следниот месец кој е ист со денот на референтниот датум, или доколку нема таков датум во наредниот месец, тогаш
**б)** ќе трае до последниот ден од наредниот месец.

### 3.2 Број во еднина и множина

Каде што во контекстот се бара, зборовите во еднина можат да имаат значење и на множина и обратно.

## 4. Толкување на кратенки

| | |
|---|---|
| ISUP | Кратенката „ISUP” значи ISDN User Part според Спецификацијата. |
| SCCP | Кратенката „SCCP” значи Signalling Connection Control Part според Системот За Сигнализација. |
| STP | Кратенката „STP” значи (Signaling Transfer Point) според Спецификацијата. |
| SLS бити | Бити за избор на линк за сигнализација |
| CLIP | Претставување на идентификација на повикувачка линија |
| CLIR | Рестрикција на претставување на идентификација на повикувачка линија |
| COLP | Преставување на идентификација на повикана линија |
| COLR | Рестрикција на претставување на идентификација на поврикана линија |
| DDF | Дигитален разделник |
| ЗЕК | Закон за Електронски Комуникации |
| АЕК | Агенција за Електронски Комуникации |
| ПК | Преносирчки Код |
| КММ | Код на Мобилна Мрежа |
| КД | Код на Држава |
| ПБ | Претплатнички Број |
| СБ | Скратен Број |
| НДК | Национален Дестинациски Код |
| НКС | Национален Код за Сигнализација |
| МП | Меѓнароден Префикс |

| | |
|---|---|
| НП | Национален Префикс |
| КИО | Код за Избор на Опертор |
| TNS | Transit Network Selection |
| ИН | Интелигентна Мрежа |